**ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОМИСИЈАТА**

**од 20.5.2026 година**

**за одобрување на третото ослободување средства за Албанија, за Црна Гора и за Северна Македонија во рамките на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирање на Европската Унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) 2024/1449 на Европскиот парламент и на Советот од 4 мај 2024 година за воспоставување на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан[1], а особено член 21(3) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Со Регулативата (ЕУ) 2024/1449 се воспостави Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан („Инструментот“), чија цел е да обезбеди поддршка од Унијата за корисниците од Западен Балкан за периодот од 2024 до 2027 година. Оваа поддршка е во форма на неповратна поддршка и заеми за спроведување на реформите промовирани од Унијата, особено инклузивни и одржливи социоекономски реформи и реформи во врска со основите на процесот на проширување, усогласени со вредностите на Унијата, како и инвестиции за спроведување на реформските агенди на корисниците. И реформите и инвестициите се во согласност со општите начела од член 4 од Регулативата (ЕУ) 2024/1449. Комисијата ги одобри реформските агенди на Албанија, на Косово[*], на Црна Гора, на Северна Македонија и на Србија на 23 октомври 2024 година[2] и Реформската агенда на Босна и Херцеговина на 28 ноември 2025 година[3]. Реформските агенди претставуваат приоритетни групи целни реформи и инвестиции кај секој корисник и служат како сеопфатна рамка за постигнување на целите на Инструментот.

(2) Врз основа на член 9(1) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, Комисијата склучи Спогодба за Инструмент со Албанија на 14 февруари 2025 година, со Црна Гора на 25 февруари 2025 година и со Северна Македонија на 2 декември 2024 година, за спроведување на Инструментот во кој се утврдени обврските и условите за исплата на Инструментот. Спогодбите за Инструментот склучени со Северна Македонија, со Албанија и со Црна Гора влегоа во сила на 25 февруари 2025 година, на 17 март 2025 година и

---

[1] Сл. весник L, 2024/1449, 24.5.2024 година, ELI: http://data.europa.eu/eli/reg/2024/1449/oj

[*] Ова означување не е во спротивност со ставовите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на ОН и мислењето на МСП за декларацијата за независност на Косово.

[2] Одлука за спроведување на Комисијата од 23 октомври 2024 година за одобрување на реформските агенди и на повеќегодишната работна програма според Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан [C(2024) 7375].

[3] Одлука за спроведување на Комисијата за изменување на Одлуката за спроведување C(2024) 7375 во однос на додавањето на Реформската агенда за Босна и Херцеговина и приспособувањето на повеќегодишната работна програма во рамките на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан [C(2025) 8042].

на 24 март 2025 година, соодветно.

(3) Секоја Спогодба за Инструментот е дополнета со Договор за заем, како што се бара според член 9(2) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449. Договорите за заем се склучени со Албанија на 27 февруари 2025 година, со Црна Гора на 23 април 2025 година и со Северна Македонија на 22 јануари 2025 година. Договорите за заем склучени со Албанија, со Црна Гора и со Северна Македонија влегоа во сила на 18 март 2025 година, на 6 мај 2025 година и на 13 март 2025 година, соодветно.

(4) Во согласност со член 21(1) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, корисникот двапати годишно треба да побара ослободување средства во однос на исполнетите услови за плаќање поврзани со квантитативните и квалитативните чекори како што се утврдени во нивните реформски агенди.

(5) Албанија, Црна Гора и Северна Македонија побараа ослободување средства во однос на условите за плаќање што беа исполнети во периодот од влегувањето во сила на Регулативата (ЕУ) 2024/1449 на 25 мај 2024 година и до 31 декември 2025 година. Оваа одлука на Комисијата го опфаќа износот на средства што треба да се стави на располагање како финансиска помош што е директно насочена кон корисниците и прелиминарното потврдување на износите, вклучително и доделениот процент како што е утврдено во член 5 од Договорот за заем, кои треба да им се исплатат на корисниците и да им се ставаат на располагање преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (ИРЗБ).

(6) Во согласност со член 9(3) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, исплатата на поддршката од Унијата во рамките на Инструментот треба да се одвива во согласност со условите на Спогодбата за Инструментот и на Договорот за заем по нивното влегување во сила. Покрај тоа, исплатите се условени со исполнувањето на предусловите од страна на корисникот утврдени во член 5 од Регулативата (ЕУ) 2024/1449 и со општите услови за плаќање утврдени во член 12 од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, како и со задоволителното исполнување на условите за плаќање утврдени во Реформската агенда.

(7) Врз основа на член 21(2) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, по својата процена, Комисијата заклучи дека Албанија, Црна Гора и Северна Македонија ги исполнуваат предусловите и општите услови за плаќање.

(8) Врз основа на член 21(2) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, Комисијата го оцени барањето на Албанија за ослободување средства и заклучи дека таа задоволително исполнила 12 од 45 услови за плаќање поврзани со квантитативните и квалитативните чекори како што се утврдени во нејзиното барање и во нејзината Реформска агенда. Процената на Комисијата е вклучена во Анекс I кон оваа одлука.

(9) Врз основа на член 21(2) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, Комисијата го оцени барањето на Црна Гора за ослободување средства и заклучи дека таа задоволително исполнила 20 од 45 услови за плаќање поврзани со квантитативните и квалитативните чекори како што се утврдени во нејзиното барање и во нејзината Реформска агенда. Процената на Комисијата е вклучена во Анекс II кон оваа одлука.

(10) Врз основа на член 21(2) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, Комисијата го оцени барањето на Северна Македонија за ослободување средства и заклучи дека таа задоволително исполнила 16 од 47 услови за плаќање поврзани со квантитативните и квалитативните чекори како што се утврдени во нејзиното барање и во нејзината Реформска агенда. Процената на Комисијата е вклучена во Анекс III кон оваа одлука.

(11) Предвидената помош треба да биде во согласност со условите и постапките утврдени со рестриктивните мерки[4] донесени врз основа на член 215 од Договорот за функционирање на Европската Унија.

(12) Во согласност со член 1 од Договорот за заем, поддршката за заем е составена од две компоненти: доделениот процент (34,75 %), кој Албанија, Црна Гора и Северна Македонија се обврзани да го префрлат во Европскиот заеднички фонд за Западен Балкан (ЕЗФЗБ) врз основа на Договорот за придонес што треба да се склучи со Управувачите со фондот, и преостанатиот дел од заемот.

(13) Во согласност со член 6(5) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, целиот износ на неповратна финансиска поддршка треба да биде достапен во рамките на ИРЗБ преку плаќање придонеси во Европскиот заеднички фонд за Западен Балкан (ЕЗФЗБ), кој е заеднички фонд основан во рамките на ИРЗБ за примање придонеси од донатори, и каде што ЕИБ и ЕБОР се Управувачи со фондот.

(14) Во согласност со член 12(2) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, во однос на финансирањето извршено преку ИРЗБ, средствата треба да се уплатат во ЕЗФЗБ само по приемот на барањата за плаќање од Управувачите со фондот. Во таа смисла, за неповратната поддршка, Комисијата треба да склучи Договори за придонес со Управувачите со фондот по позитивното мислење на Оперативниот одбор на ИРЗБ за релевантните предлози за инвестициски проекти, и само по добивање доказ дека корисниците го потпишале својот соодветен Договор за придонес врз основа на член 19(2) од Спогодбата за Инструментот. За делот од поддршката за заем доделена на ИРЗБ, корисниците треба да склучат Договори за придонес со Управувачите со фондот по позитивното мислење на Оперативниот одбор на ИРЗБ за релевантните предлози за инвестициски проекти, а Комисијата треба да го исплати соодветниот износ на заемот по приемот на потпишаниот Договор за придонес.

(15) Комисијата препознава дека, поради финансиската архитектура на Инструментот за реформи и раст, корисниците не можат да ја исполнат обврската утврдена во член 5(3) од Договорот за заем од причини што не се во нивен домен. Затоа, Комисијата не предвидува никакви последици како резултат на неисполнувањето на оваа обврска.

(16) Затоа, треба да се одобри ослободувањето средства во форма на неповратна финансиска поддршка и поддршка за заем за Албанија, за Црна Гора и за Северна Македонија во рамките на Инструментот за реформи и раст за

[4] Види www.sanctionsmap.eu. Имајте предвид дека мапата на санкции е ИТ-алатка за идентификување на режимите на санкции. Изворот на санкциите произлегува од правните акти објавени во Службениот весник (Сл. весник). Во случај на несовпаѓање, преовладува Службениот весник.

Западен Балкан.

(17) Во согласност со член 13(3) од Спогодбата за Инструментот и член 6(5) од Договорот за заем, претфинансирањето на неповратната финансиска поддршка и на поддршката за заем треба да се порамнат преку пропорционално одбивање од исплатата на ратите. Со оглед на тоа што 18.523.900,10 евра од неповратната финансиска поддршка и 46.022.112,06 евра од поддршката за заем беа ослободени во корист на Албанија како претфинансирање, а дел од овој износ веќе беше порамнет со Одлуката за спроведување C(2025) 6876 на Комисијата, последна верзија, дополнителен износ од 1.057.645,19 евра од плаќањето треба да се искористи за порамнување на делот од претфинансирањето што е поврзан со неповратната финансиска поддршка и износ од 2.627.689,92 евра од плаќањето треба да се искористи за порамнување на делот од претфинансирањето што е поврзан со поддршката за заем. Со оглед на тоа што 7.704.063,86 евра од неповратната финансиска поддршка и 19.140.531,33 евра од поддршката за заем беа ослободени во корист на Црна Гора како претфинансирање, а дел од овој износ веќе беше порамнет со Одлуката за спроведување C(2025) 5201 на Комисијата, последна верзија, и Одлуката за спроведување C(2025) 6876 на Комисијата, последна верзија, дополнителен износ од 952.207,85 евра треба да се искористи за порамнување на делот од претфинансирањето што е поврзан со неповратната финансиска поддршка и 2.365.733,80 евра за порамнување на делот од претфинансирањето што е поврзан со поддршката за заем. Со оглед на тоа што 15.073.967,58 евра од неповратната финансиска поддршка и 37.450.851,13 евра од поддршката за заем беа ослободени во корист на Северна Македонија како претфинансирање, а дел од овој износ веќе беше порамнет со Одлуката за спроведување C(2025) 5199 на Комисијата, последна верзија, и Одлуката за спроведување C(2025) 6876 на Комисијата, последна верзија, дополнителен износ од 1.418.028,24 евра од плаќањето треба да се искористи за порамнување на делот од претфинансирањето што е поврзан со неповратната финансиска поддршка и износ од 3.523.051,53 евра од плаќањето треба да се искористи за порамнување на делот од претфинансирањето што е поврзан со поддршката за заем.

(18) Во согласност со член 14 од Спогодбата за Инструментот и член 7 од Договорот за заем, корисниците поднесоа барања во кои се наведени бруто-износите на неповратната поддршка и на поддршката за заем. Врз основа на износите на претфинансирање што треба да се порамнат како што е наведено во образложение 16, во оваа одлука се утврдуваат нето-износите што треба да се ослободат и за неповратната поддршка и за поддршката за заем. За целите на член 19(2) од Спогодбата за Инструментот и на член 8(4)(е) од Договорот за заем, Договорите за придонес што треба да се склучат со Управувачите со фондот се потпишуваат за нето-износите утврдени со оваа одлука, а не за бруто-износите наведени во барањата на корисниците,

ОДЛУЧИ:

*Член 1*

*Одобрение за ослободување на неповратната поддршка за Албанија*

1. Врз основа на процената на условите за плаќање, компонентата за неповратна финансиска поддршка во рамките на барањето за трето ослободување средства според Инструментот за реформи и раст за Албанија се утврдува на бруто-износ од 15.109.217,05 евра.

2. Во согласност со член 13(3) од Спогодбата за Инструментот, износ од 1.057.645,19 евра од плаќањето се користи за порамнување на делот од претфинансирањето што е поврзан со неповратната финансиска поддршка.

3. Нето-износот од 14.051.571,86 евра се ослободува во согласност со условите од Спогодбата за Инструментот.

4. Износот утврден во став 3 се става на располагање на ИРЗБ, под услов Албанија претходно да го склучи Договорот за придонес со ЕИБ и со ЕБОР, и Комисијата последователно да склучи такви Договори за придонес со истите институции, во нивно својство на Управувачи со фондот на ЕЗФЗБ. Се исплаќа по приемот на барањата за плаќање од Управувачите со фондот.

*Член 2*

*Одобрение за ослободување на поддршката за заем за Албанија*

1. Врз основа на процената на условите за плаќање, компонентата за поддршка за заем во рамките на барањето за трето ослободување средства според Инструментот за реформи и раст за Албанија се утврдува на бруто-износ од 37.538.427,45 евра.

2. Во согласност со член 6(5) од Договорот за заем, износ од 2.627.689,92 евра се користи за порамнување на делот од претфинансирањето што е поврзан со поддршката за заем.

3. Нето-износот од 34.910.737,53 евра се ослободува во согласност со условите од Договорот за заем.

4. Во согласност со Договорот за заем, нето-износот се дели на две компоненти: 12.131.481,29 евра, што одговара на распределениот процент (34,75 %), што треба да биде достапен преку ИРЗБ; и 22.779.256,24 евра, што го претставува преостанатиот дел од заемот.

5. Комисијата ѝ исплаќа на Албанија износ од 22.779.256,24 евра, што одговара на преостанатиот дел од заемот наведен во став 4.

6. Износот од 12.131.481,29 евра, што одговара на распределениот процент (34,75 %) од поддршката за заем, ѝ се исплаќа на Албанија по приемот од Комисијата на Договорот за придонес што го опфаќа истиот износ, склучен со ЕИБ и со ЕБОР, во својство како Управувачи со фондот ЕЗФЗБ.

*Член 3*

*Одобрение за ослободување на неповратната поддршка за Црна Гора*

1. Врз основа на процената на условите за плаќање, компонентата за неповратна финансиска поддршка во рамките на барањето за трето ослободување средства според Инструментот за реформи и раст за Црна Гора се утврдува на бруто-износ од 13.632.568,76 евра.

2. Во согласност со член 13(3) од Спогодбата за Инструментот, износ од 952.207,85 евра од плаќањето се користи за порамнување на делот од претфинансирањето што е поврзан со неповратната финансиска поддршка.

3. Нето-износот од 12.680.360,91 евра се ослободува во согласност со условите од Спогодбата за Инструментот.

4. Износот утврден во став 3 се става на располагање на ИРЗБ, под услов Црна Гора претходно да го склучи Договорот за придонес со ЕИБ и со ЕБОР, и Комисијата последователно да склучи такви Договори за придонес со истите институции, во нивно својство на Управувачи со фондот на ЕЗФЗБ. Се исплаќа по приемот на барањата за плаќање од Управувачите со фондот.

*Член 4*

*Одобрение за ослободување на поддршката за заем за Црна Гора*

1. Врз основа на процената на условите за плаќање, компонентата за поддршка за заем во рамките на барањето за трето ослободување средства според Инструментот за реформи и раст за Црна Гора се утврдува на бруто-износ од 33.869.736,06 евра.

2. Во согласност со член 6(5) од Договорот за заем, износ од 2.365.733,80 евра се користи за порамнување на делот од претфинансирањето што е поврзан со поддршката за заем.

3. Нето-износот од 31.504.002,26 евра се ослободува во согласност со условите од Договорот за заем.

4. Во согласност со Договорот за заем, нето-износот се дели на две компоненти: 10.947.640,79 евра, што одговара на распределениот процент (34,75 %), што треба да биде достапен преку ИРЗБ; и 20.556.361,48 евра, што го претставува преостанатиот дел од заемот.

5. Комисијата ѝ исплаќа на Црна Гора износ од 20.556.361,48 евра, што одговара на преостанатиот дел од заемот наведен во став 4.

6. Износот од 10.947.640,79 евра, што одговара на распределениот процент (34,75 %) од поддршката за заем, ѝ се исплаќа на Црна Гора по приемот од Комисијата на Договорот за придонес што го опфаќа истиот износ, склучен со ЕИБ и со ЕБОР, во својство како Управувачи со фондот на ЕЗФЗБ.

*Член 5*

*Одобрение за ослободување на неповратната поддршка за Северна Македонија*

1. Врз основа на процената на условите за плаќање, компонентата за неповратна финансиска поддршка во рамките на барањето за трето ослободување средства според Инструментот за реформи и раст за Северна Македонија се утврдува на бруто-износ од 20.274.747,51 евра.

2. Во согласност со член 13(3) од Спогодбата за Инструментот, износ од 1.418.028,24 евра од плаќањето се користи за порамнување на делот од претфинансирањето што е поврзан со неповратната финансиска поддршка.

3. Нето-износот од 18.856.719,27 евра се ослободува во согласност со условите од Спогодбата за Инструментот.

4. Износот утврден во став 3 се става на располагање на ИРЗБ, под услов Северна Македонија претходно да го склучи Договорот за придонес со ЕИБ и со ЕБОР, и Комисијата последователно да склучи такви Договори за придонес со истите институции, во својство на Управувачи со фондот на ЕЗФЗБ. Се исплаќа

по приемот на барањата за плаќање од Управувачите со фондот.

*Член 6*

*Одобрение за ослободување на поддршката за заем за Северна Македонија*

1. Врз основа на процената на условите за плаќање, компонентата за поддршка за заем во рамките на барањето за трето ослободување средства според Инструментот за реформи и раст за Северна Македонија се утврдува на бруто-износ од 50.372.043,50 евра.

2. Во согласност со член 6(5) од Договорот за заем, износ од 3.523.051,53 евра се користи за порамнување на делот од претфинансирањето што е поврзан со поддршката за заем.

3. Нето-износот од 46.848.991,97 евра се ослободува во согласност со условите од Договорот за заем.

4. Во согласност со Договорот за заем, нето-износот се дели на две компоненти: 16.280.024,71 евра, што одговара на распределениот процент (34,75 %), што треба да биде достапен преку ИРЗБ; и 30.568.967,26 евра, што го претставува преостанатиот дел од заемот.

5. Комисијата ѝ исплаќа на Северна Македонија износ од 30.568.967,26 евра, што одговара на преостанатиот дел од заемот наведен во став 4.

6. Износот од 16.280.024,71 евра, што одговара на распределениот процент (34,75 %) од поддршката за заем, ѝ се исплаќа на Северна Македонија по приемот од Комисијата на Договорот за придонес што го опфаќа истиот износ, склучен со ЕИБ и ЕБОР, во својство како Управувачи со фондот на ЕЗФЗБ.

Брисел, 20.5.2026 година

*За Комисијата*

*Марта КОС*

*Член на Комисијата*